ШАХОВСКИ СОЈУЗ НА ГРАД СКОПЈЕ
Бул. 3-та Македонска бригада
37/1 Скопје
жиро сметка: 210-0658846801-56
депонент: НЛББанка даночен
број: 4080010511443

# Отворено првенство на град Скопје за млади во стандарден шах за 2026 година

## (за девојчиња и момчиња до 08, 10, 12, 14 и 16 години)

**1.** Отвореното првенство на град Скопје за млади до 08, 10, 12, 14 и 16 години, ќе се одржи во Скопје во СУГС Гимназија „Јосип Броз – Тито“ на 31.01 и 01.02 2026 година, во организација на ШАХОВСКИ СОЈУЗ НА ГРАД СКОПЈЕ.

**2.** Учесниците на првенството ќе играат на четири одделни турнири, секој во својата возрасна категорија и тоа:

- Турнир U08 – родени 2018г. или помлади, со темпо на игра од 30 минути по играч со додаток од 30 секунди по потег почнувајќи од првиот

- Турнир U10 – родени 2016г. или помлади, со темпо на игра од 30 минути по играч со додаток од 30 секунди по потег почнувајќи од првиот и

- Турнир U12 – родени 2014г. или помлади со темпо на игра од 60 минути по играч со додаток од 30 секунди по потег почнувајќи од првиот

- Турнир U16 – родени 2010г. или помлади со темпо на игра од 60 минути по играч со додаток од 30 секунди по потег почнувајќи од првиот

**Турнирите U12 и U16 ќе бидат рејтингувани во ФИДЕ.**

**3.** Систем на игра: Првенствата се играат по швајцарски систем од 6 кола, според Правилата за игра на ФИДЕ за стандарден шах.

Момчињата и девојчињата играат заедно.

***Организаторот го задржува правото да го измени системот на натпреварување, распоредот на кола, како и темпото на игра во зависност од бројот на пријавени учесници. За секоја евентуална промена, натпреварувачите ќе бидат благовремено известени.***

ШАХОВСКИ СОЈУЗ НА ГРАД СКОПЈЕ
Бул. 3-та Македонска бригада
37/1 Скопје
жиро сметка: 210-0658846801-56
депонент: НЛББанка даночен
број: 4080010511443

**Распоред на игра за турнирите во категориите U8 и U10:**

| | | |
|---|---|---|
| I Коло | 31.01.2026 г. | 10:00 h |
| II Коло | 31.01.2026 г. | 13:00 h |
| Пауза за ручек | | |
| III Коло | 31.01.2026 г. | 16:00 h |
| IVКоло | 31.01.2026 г. | 18:00 h |
| V Коло | 01.02.2026 г. | 10:00 h |
| VI Коло | 01.02.2026 г. | 13:00 h |

**Распоред на игра за турнирите во категориите U12 и U16:**

| | | |
|---|---|---|
| I Коло | 31.01.2026 г. | 10:00 h |
| Пауза за ручек | | |
| II Коло | 31.01.2026 г. | 14:00 h |
| III Коло | 31.01.2026 г. | 17:30 h |
| IVКоло | 01.02.2026 г. | 10:00 h |
| Пауза за ручек | | |
| V Коло | 01.02.2026 г. | 14:00 h |
| VI Коло | 01.02.2026 г. | 17:30 h |

**4.** Право на учество имаат девојчиња и момчиња кои со годината на раѓање припаѓаат на некоја од возрасните групи. Како доказ за година на раѓање и место на живеење ќе послужи извод од книгата на родени.

**5.** Пријавите за учество на Првенствата на град Скопје за млади во стандарден шах за 2026 година со презиме, име, дата на раѓање и ФИДЕ код треба да се испратат на email адреса: agakidova@gmail.com, најдоцна до 28.01.2026 година.
Натпреварувачите на турнирите U12 и U16 без ФИДЕ код покрај дата на раѓање, со пријавата треба да доставaт и сопствена електронска адреса.

ШАХОВСКИ СОЈУЗ НА ГРАД СКОПЈЕ
Бул. 3-та Македонска бригада
37/1 Скопје
жиро сметка: 210-0658846801-56
депонент: НЛББанка даночен
број: 4080010511443

**6.** Пријавените учесници за Отвореното првенство на град Скопје за млади во стандарден шах за 2026 година мора да го **потврдат своето учество со присуство во салата за игра на 31.01.2026 година најдоцна до 09:30 часот**.

**7. Партиципацијата за учество е 900,00 денари**.

Натпреварувачите на турнирите **U12 и U16 без ФИДЕ код** покрај партиципацијата за учество ќе треба да платат и еднократен надомест во висина од **300,00 денари** за издавање на ФИДЕ код.

**8.** Финалниот пласман се одредува по број на освоени поени. Во случај на ист број на освоени поени, рангирањето се определува по следните додатни критериуми:

1. Бухолц -1 ( без најлошиот противник)
2. Бухолц
3. Поголем број на победи
4. Прогрес

**9.** Победнички трофеи, медали, дипломи и други пригодни стокови награди ќе им бидат поделени на најуспешните во сите возрасни категории, за момчиња и девојчиња одделно.

Дипломи за учество ќе бидат обезбедени за сите учесници.

**10.** Организаторот ќе обезбеди вода и освежителни пијалаци за секој учесник за целото времетраење на турнирот и ручек во сабота и недела.

Скопје, 29.12.2025 г.

ШАХОВСКИ СОЈУЗ НА ГРАД СКОПЈЕ